ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-549/3
23.06.2010 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 25, став 1, алинеја 10 од Статутот бр.07-124/2 од 11.02.2004 година и член 3 и член 6 од Правилникот за Стручни одбори на Институтот за стандардизација во Република Македонија бр.02-92/5 од 03.02.2009 година, Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија на XXIV-та седница одржана на 15.06.2010 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК

**за надоместокот за работа на Стручните одбори во Институтот за стандардизација на Република Македонија бр.02-92/6 од 03.02.2009 година и бр.02-647/12 од 21.07.2009 година**

### Член 1

Во Правилникот за надоместокот за работа на Стручните одбори во Институтот за стандардизација на Република Македонија бр.02-92/6 од 03.02.2009 година и бр. 02-647/12 од 21.07.2009, членот 3 се менува и гласи:

" За постојаните Стручни одбори се исплаќа месечен надоместок за одржана најмалку една седница во текот на месецот.

Надоместок за одржана најмалку една седница во текот на месецот изнесува:

- Претседател на Стручен одбор: 1.400,00 денари месечно
- Член на Стручен одбор: 1.050,00 денари месечно.

Надоместок за одржани две или повеќе седници во текот на месецот изнесува:

- Претседател на Стручен одбор: 2.800,00 денари месечно
- Член на Стручен одбор: 2.100,00 денари месечно.

Доколку Претседателот или членовите на постојаните Стручни одбори не присуствуваат на седниците, не им се исплатува надоместок утврден во став 2 и 3 на овој член."

### Член 2

Во член 4, од Правилникот за надоместокот за работа на Стручните одбори во Институтот за стандардизација на Република Македонија бр.02-92/6 од 03.02.2009 година и бр. 02-647/12 од 21.07.2009 година, износот „1.500,00" денари се заменува со „1.050,00".

### Член 3

Во член 5, од Правилникот за надоместокот за работа на Стручните одбори во Институтот за стандардизација на Република Македонија бр.02-92/6 од 03.02.2009 година и бр. 02-647/12 од 21.07.2009 година, износот „400,00" денари се заменува со „280,00", износот „600,00" денари се заменува со „420,00" а износот „1.500,00" денари се заменува со „1.050,00".